РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Арх.бр. 02-872/4
Дата 18.05.2026год.

Врз основа на член 73 од Статутот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје и Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на РСМ“, бр. 79/2013 и сите последователни измени),, Законот за работните односи, Деканатската управа на својата седница одржана на 18.05.2026 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

1. Со оваа Одлука се утврдува Листа на посредници за заштита на вработените од вознемирување на работно место на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје.
2. Листата на посредници се утврдува со цел спречување на психичко и полово вознемирување на работното место и местото на работа (во натамошниот текст: вознемирување на работно место), мерките и постапката за заштита од вознемирување на работно место, како и другите прашања кои се однесуваат на спречувањето и заштитата од вознемирување на работно место.
3. За посредници за заштита на вработените од вознемирување на работно место на Факултетот се утврдуваат следните лица:

   Проф. д-р Ласко Баснарков, редовен професор

   М-р Ема Пандилова, асистент

   М-р Валентина Трајанова, Раководител на одделение за општи и правни работи.

4. Посредниците од точка 3 на оваа Одлука постапуваат во согласност со начелата на законитост, доверливост, непристрасност, еднаков третман, заштита на достоинството на вработените и спречување на каква било форма на неповолно постапување кон лицето кое побарало заштита.

5. Посредниците се должни постапката да ја водат совесно, објективно и со почитување на личниот интегритет и приватноста на сите вклучени лица.

6. Секој вработен на Факултетот кој смета дека е изложен на вознемирување на работно место има право да избере посредник од утврдената Листа и да побара спроведување постапка за посредување, согласно Законот за заштита од вознемирување на работно место.

7. Барањето за заштита се поднесува во писмена форма до работодавачот, односно до овластеното лице, согласно закон и внатрешните акти на Факултетот.

8. Факултетот е должен да обезбеди услови за непречено, доверливо и ефикасно спроведување на постапката за посредување.

9. Сите податоци, изјави, документи и информации добиени во текот на постапката се сметаат за доверливи и може да се користат единствено за целите на постапката за заштита од вознемирување на работно место.

Изработил: Игор Цветановски

10. Во случај на промена на посредник, престанок на работен однос, судир на интереси или друга оправдана причина, Листата може да се измени и дополни со нова одлука.

11. Листата на посредници се објавува на огласната табла и/или на веб-страницата на Факултетот, односно се доставува до сите вработени на начин кој обезбедува нивно навремено информирање.

12. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Согласно Статутот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје декантската управа **одлучи како во диспозитивот**.

**Д е к а н**
**Вон.проф. д-р Петре Ламески**

ДОСТАВЕНО ДО:
- А р х и в а
- Именуваните

Изработил: Игор Цветановски